# ПРИЛОГ 3.Д:
# ОПИС НА УСЛУГИ ЗА ИЗБОР НА ОПЕРАТОР

Содржина


ПРИЛОГ 3.Д-1: УСЛУГА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОД ЗА ИЗБОР НА ОПЕРАТОР ..... 2

1. Краток опис на услугата ..... 2
2. Услови за користење на Услугата ..... 2
3. Надоместоци, фактурирање ..... 2
4. Параметри за квалитет ..... 2
5. Одговорност ..... 3
6. Ограничувања при користење на Услугата ..... 3
6.1 Општи ограничувања ..... 3

ПРИЛОГ 3.Д-2: УСЛУГА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕДИЗБРАН ОПЕРАТОР ..... 4

1. Краток опис на услугата ..... 4
2. Услови за користење на Услугата ..... 4
3. Надоместоци, фактурирање ..... 5
4. Параметри за квалитет ..... 5
5. Одговорнност ..... 6
6. Ограничувања при користење на Услугата ..... 6
6.1 Општи ограничувања ..... 6

# ПРИЛОГ 3.Д-1: УСЛУГА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОД ЗА ИЗБОР НА ОПЕРАТОР

## 1. Краток опис на услугата

### Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор

Со Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор Давателот На Услуги извршува во неговата Мрежа, за Страната Барател, поставувања за рутирање потребни за користење на Код На Оператор издаден на Страната Барател АЕК.

## 2. Услови за користење на Услугата

Предуслов за користење на Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор е Страната Барател да има одлука за доделување на Код На Оператор издадена на Страната Барател од АЕК. Автентична копија од оваа одлука мора да биде доставена од Страната Барател до Давателот На Услуги пред Барањата За Поставување На Код За Избор На Оператор.

## 3. Надоместоци, фактурирање

3.1 Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор дефинирана во овој Прилог ја обезбедува Давателот На Услуги, а ја користи Страната Барател.

3.2 Страната Барател плаќа за Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор која ја користи, Еднократен Надомест (Еднократен Надомест За Инсталирање На Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор и Еднократен Надомест За Тестирање На Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор) и Месечен Надомест (Месечен Надомест За Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор) дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) по фактура издадена од страна на Давателот На Услуги.

## 4. Параметри за квалитет

Целни вредности:

| Параметар за квалитет | Стандардно ниво |
|---|---|
| Време На Имплементација:<br><br>а) доколку од Страната Барател е побарано рутирање до Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се воспостави во согласност со Распоредот За Имплементација, пред да биде прифатен Распоредот За Имплементација<br><br>б) во друг случај (претпоставувајќи дека постои Телефонски Интерконекциски Линк) | од успешното завршување на Тестот За (Проширување На) Системите За Комутација За Интерконекција што треба да се спроведе на Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се стави во функција<br><br>1 (еден) месец |
| Годишна Достапност | 99,00% |

| | |
|---|---|
| Време На Дисконекција | 1 (еден) месец |

## 5. Одговорност

5.1 Страната Баратал ќе ги извести нејзините корисници за Код На Оператор кој и е доделен од страна на АЕК и за општите договорни услови за нејзините услуги достапни преку нејзиниот Код За Избор На Оператор преку услуга за односи со корисници достапна преку телефон или во просторија отворена за корисници и, доколку е тоа можно, преку Интернет пристап.

5.2 Страната Баратал ќе постапува по приговорите на Претплатниците кои ја користат нејзината услуга.

## 6. Ограничувања при користење на Услугата

### 6.1 Општи ограничувања

6.1.1 Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор не може да биде побарана за јавни говорници.

6.1.2 Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор не може да биде побарана за привремени телефонски линии.

6.1.3 Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор не е применлива за пренос на податоци пренесени преку ISDN D канал.

6.1.4 Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор не може да биде побарана за Претплатнички Пристапни Точки со рестрикција на појдовни повици (исклучени во една насока).

### 6.2 Карактеристични ограничувања на Македонски Телеком АД

Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор не може да биде побарана за VSAT радио Претплатнички Пристапни Точки на фиксни локации.

# ПРИЛОГ 3.Д-2: УСЛУГА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕДИЗБРАН ОПЕРАТОР

## 1. Краток опис на услугата

### Услуга За Поставување На Предизбран Оператор

Со Услугата За Поставување На Предизбран Оператор, Давателот На Услуги, на барање на Страната Барател, испитува и доколку резултатот е позитивен, ја поставува Страната Барател за тој Претплатник во телефонска централа за ПСТН интерконекција или на IMS платформа за ИП интерконекција, на Давателот На Услуги како Предизбран Оператор за Локални Повици, Меѓумесни Повици, Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија и/или Меѓународни Повици според Изјава Од Претплатникот. По тоа поставување, Страната Барател ќе биде предефиниран Предизбран Оператор за Локални Повици, Меѓумесни Повици, Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија и/или Меѓународни Повици бирани од страна на Претплатникот со Националниот Префикс и/или Меѓународниот Префикс. Давателот На Услуги мора да ја извести Страната Барател за извршувањето на поставувањето.

Доколку Барањето За Поставување На Предизбран Оператор се однесува на Претплатничка Пристапна Точка, која има поставување за Предизбор На Оператор за бараната услуга на Телефонски Мрежен Оператор како трета страна, Давателот На Услуги за тоа ќе ја извести Страната Барател. Страната Барател е обврзана да го извести претходно поставениот Телефонски Мрежен Оператор како трета страна за укинувањето на Предизбор На Оператор во врска со тој Претплатник.

## 2. Услови за користење на Услугата

2.1 Предуслов за активирање на Услугата За Поставување На Предизбран Оператор е претходно нарачување на Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор.

2.2 Предуслов за користење на Услугата За Поставување На Предизбран Оператор е Страната Барател да има одлука за доделување на Код На Оператор издадена на Страната Барател од АЕК. Автентична копија од оваа одлука мора да биде доставена од Страната Барател до Давателот На Услуги пред Барањата За Поставување На Предизбран Оператор.

### 2.3 Можни комбинации на Предизбор На Оператор

Од аспект на Предизбор На Оператор, може да се разликуваат следните видови на Повици:

1. За ПСТН интерконекција:
   - а) Локални Повици,
   - б) Меѓумесни Повици и Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија, и
   - в) Меѓународни Повици; или

2. За ИП интерконекција:
   - а) Национални Повици и Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија, и
   - б) Меѓународни Повици;

Предизбор На Оператор може да биде поставен за 1 (еден), 2 (два) или 3 (три) вида на Повици. Табелата ги покажува 7-те можни комбинации за поставување на Предизбор На Оператор. Страната Барател може да бара Предизбор на Оператор од овие 7 комбинации. X и Y може да бидат ист или

различен Предизбран Оператор.

| Комбинации | 1. Повици кон национални дестинации | | 2. Меѓународен Повик |
|---|---|---|---|
| | 1.А) Локален Повик | 1.Б)<br>• Меѓумесен Повик<br>• Повик Од Фиксна Кон Мобилна МрежаТелефонија | |
| 1 | X | | |
| 2 | | X | |
| 3 | X | X | |
| 4 | | | Y |
| 5 | X | | Y |
| 6 | | X | Y |
| 7 | X | X | Y |

**2.4** Обезбедувањето на Услугата За Поставување На Предизбран Оператор може да биде одбиено во следните случаи:

**а)** доколку не постои потпишан со Претплатникот Претплатнички Договор кој е на сила; или
**б)** доколку Страната Барател не може да покаже потпишана Изјава Од Претплатник за бараните Услуги; или
**в)** ако Претплатникот го има прекршено важечкиот Претплатнички Договор склучен со Телефонскиот Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап На Претплатник; или
**г)** доколку Претплатникот има Претплатнички Договор за бенифициран тарифен пакет, или
**д)** доколку Барањето е спротивно на Претплатничкиот Договор кој е на сила.

## 3. Надоместоци, фактурирање

**3.1** Услугата За Поставување На Предизбран Оператор дефинирана во овој Прилог ја обезбедува Давателот На Услуги а ја користи Страната Барател.

**3.2** Страната Барател плаќа за Услугата За Поставување На Предизбран Оператор која ја користи, Еднократен Надомест (Еднократен Надомест По Конекција За Услугата За Поставување На Предизбран Оператор или Еднократен Надомест За Испитување На Нарачка за Услуга За Поставување На Предизбран Оператор) идентификувани во Прилог 8.Б (Надоместоци) по фактурата подготвена од страна на Давателот На Услуги.

## 4. Параметри за квалитет

Целни вредности:

| Параметар за квалитет | Стандардно ниво |
|---|---|
| Време за испитување за 98 (деведест и осум) % | 5 (пет) работни дена |

| | |
|---|---|
| од Барањата | |
| Време На Имплементација за 98 (деведест и осум) % од Барањата | 7 (седум) работни дена |

## 5. Одговорност

**5.1** Страната Барател ќе ги извести своите корисници за општите договорни услови на нејзините услуги достапни преку Предизбор На Оператор преку услуга за односи со корисници достапна преку телефон или во просторија отворена за корисници и, доколку е тоа можно, преку Интернет пристап.

**5.2** Страната Барател ќе го извести Претплатникот за извршувањето на поставувањето.

**5.3** Страната Барател ќе постапува по приговорите на Претплатниците кои ја користат нејзината услуга.

## 6. Ограничувања при користење на Услугата

### 6.1 Општи ограничувања

**6.1.1** Услугата За Поставување На Предизбран Оператор не може да биде побарана за јавни говорници.

**6.1.2** Услугата За Поставување На Предизбран Оператор не може да биде побарана за привремени телефонски линии.

**6.1.3** Кон национални дестинации, за еден Претплатник може да биде поставен само 1 (еден) Предизбран Оператор.

**6.1.4** Услугата За Поставување На Предизбран Оператор не може да биде побарана за Претплатнички Пристапни Точки со рестрикција на појдовни повици (исклучени во една насока).

### 6.2 Карактеристични ограничувања на Македонски Телеком АД

Услугата За Поставување На Предизбран Оператор не може да биде побарана за VSAT радио Претплатнички Пристапни Точки на фиксни локации.